Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
AdministrativedheInspektuese

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-МУЗЕЈ НА ТЕТОВСКИОТ КРАЈ
Institucioni Nacional-MUZEU I PRETHIT TË TETOVËS
Бр.-Nr. 03 - 23/1
22.02 2022
Тетово-Tetovë

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис.

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-74/21**
**Датум: 11.2.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-МУЗЕЈ НА ТЕТОВСКИОТ КРАЈ, Тетово (во натамошен текст:МУЗЕЈ) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Гоце Делчев“ бр. 92, Тетово |
| Адреса за е-пошта | nu.muzej@yahoo.com |
| Телефон | (044) 338-902 и (044)336-077 |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: директор | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | <u>3. КОНТРОЛЕН</u> | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 10.2.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 9.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 11.2.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 15.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- МУЗЕЈ НА ТЕТОВСКИОТ КРАЈ, Тетово | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | Дејности на музеите (шифра: 91.02) | | | |

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Гоце Делчев" бр. 92, Тетово |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-74 од 24.9.2021 г., и Решение со наредба Ип 1 бр 57-74 од 27.9.2021 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на контролниот инспекциски надзор:

Предмет: Предмет на инспекцискиот надзор е да се утврди дали Музејот, има постапено по Решението со наредба Ип 1 бр 57-74 од 27.9.2021 г., донесено од инспекторот, а со коешто на Музејејот, застапуван од одговорно лице му е наредено да ги отстрани неправилностите во работењето утврдени со Записникот за вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-74 од 24.9.2021 година и тоа:

- Основната музејска евиденција да се води на начин пропишан со членовите 2 и 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотека и другите видови на музејска евиденција и музејска документација (**во натамошниот текст: Правилник**), преку соодветна компјутерска програма, а согласно со член 20 ставовите (1) и (2) од Законот за музеите,
-За постојните записи од основната музејска евиденција да се направат исписи на хартија на листови, коишто треба да се заверат со потпис на овластеното лице и печат на Музејот согласно со член 2 став (2) од Правилникот, а листовите да се подврзат во тврдо укоричени музејски книги под услов и начин утврден согласно со член 3 став (1) од истиот


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Правилник, а во врска со член 20 ставовите (1) и (2) од Законот за музеите.

-Музејот јавно да го објави работното време и да постапи во целост согласно со член 25 став (2), (3) и (4) од Законот за музеите.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

Не се употребени листи за проверка, од причина што станува збор за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , директор | | |

8)За време на извршување на инспекцискиот надзор, присутни беа следните лица:

| | | |
|---|---|---|
| – виш кустос , историчар | | |
| - советник за човечки ресурси | | |
| – советник за општи административни и правни работи | | |
| | | |
| | | |
| | | |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

Во конкретниов случај, констатирано е дека Музејот има постапено по Решението со наредба Ип 1 бр. 57-74 од 27.9.2021 година во целост, односно утврдено е дека директорот на Музејот:

-Во однос на точка 1 од Решението, има постапено односно основната музејска евиденција се води на начин пропишан со членовите 2 и 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотека и другите видови на музејска евиденција и музејска документација (**во натамошниот текст: Правилник**), преку соодветна компјутерска програма, а согласно со член 20 ставовите (1) и (2) од Законот за музеите.

-Во однос на точка 2 од Решението, е постапено односно при надзорот од страна на инспекторот е утврдено дека за постојните записи од основната музејска евиденција се направени исписи на хартија на листови (по 100 листа), заверени со потпис на овластеното лице (директорот) и печат на Музејот согласно со член 2 став (2) од Правилникот, а листовите беа подврзаани во тврдо укоричени музејски книги на начин утврден согласно со член 3 став (1) од истиот Правилник, а во врска со член 20 ставовите (1) и (2) од Законот за музеите.

-Во однос на точка 3 од Решението, Музејот исто така има постапено односно јавно го има објавено работното време на влезната врата на Музејот, согласно со член 25 став (2), (3) и (4) од Законот за музеите.

11) Од непосредниот увид во приложената евиденција, документација, како и разговорот со присутните лица, се утврди следново:

1.Не се утврдени неправилности во работењето на Музејејот, поради што инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

12)Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

13)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој што изјави дека нема забелешки на констатираното со записникот.



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
AdministrativedheInspektuese

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Верица Станкова, советник-инспектор |
| Датум: | 22.02.2022 г. | Датум: | 11.2.2022 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk